Напишано од Фатма Бајрам
Среда, 29 Јули 2020 08:10 - Последно освежено Среда, 29 Јули 2020 09:19



По донесувањето на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на корона вирус COVID-19 и Протоколот за работа на библиотеки, музеи, галерии и изложбени простории и објавувањето во „Службен весник на РСМ“ бр.175 од 01.07.2020 година, библиотеката започна со работа на 06.07.2020 година (понеделник).

За безбедно и професионално функционирање на библиотеката се изготвени следните документи:

- План за отворање на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола

- План и постапка за работа при отворање на НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола во услови на пандемија

- Правилник за ракување со библиотечен материјал во услови на пандемија

Документите се подготвени во согласност со препораките на IFLA (The International Federation of Library Associations and Institutions) и со користење на стручната литература од искуства на библиотеките од регионот и светот.

Набавена е заштитна опрема за вработените и спроведени се постапките за целосно почитување на препораките и мерките предвидени од Владата на Република Северна Македонија.

За корисниците се подготвени известувања за можности за пребарување на библиотечната граѓа и користење на библиотекари информатори и истите се истакнати на влезот на библиотеката.